РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно општинско економско училиште
ЈАНЕ САНДАНСКИ
Бр. 03
05.11 2025 год.
БИТОЛА

# ПОКАНА

За прибирање на понуди за систематски преглед

Почитувани,

Ве молиме да ни доставите понуда за вршење на систематски здравствени прегледи на вработените во СОЕУ „Јане Сандански" Битола, согласно законските прописи.

Систематските прегледи треба да бидат спроведени во согласност со член 22 од Законот за безбедност и здравје при работа **(„Службен весник на РМ" бр. 92/07) и Правилникот за видот, начинот и обемот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на РМ" бр. 2/2009 и 171/2010).**

Бараме понудата да го опфати основниот пакет – СТАНДАРДЕН МИНИМУМ, кој ги вклучува следните прегледи и испитувања:

- анамнестички податоци (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза, социјално-епидемиолошки податоци);
- статус по системи и антропометрија (телесна маса, телесна височина и индекс на телесна маса);
- основни лабораториски анализи (Se, крвна слика – еритроцити, Hgb, хематокрит, леукоцити, гликемија, холестерол, триглицериди);
- испитување на урина: шеќер, протеини, билирубин, седимент;
- аудиометрија;
- спирометрија;
- испитување на функција на видот (блиску и далеку);
- ЕКГ (12 одводи);
- радиофотографија на граден кош – по одлука на лекарот.

Ве молиме понудата да содржи:

- цена по лице (со и без вклучен ДДВ),
- рок на изведба,
- локација каде се изведуваат прегледите,
- рок на важност на понудата,
- контакт лице за дополнителни информации.

Ви благодариме однапред за соработката и очекуваме Ваша понуда.

Со почит,

Директор

Биљана Јанкуловска